# Проект „Македонија на Википедија“ 1/5

* На кое јазично издание?
** македонски јазик (mk)
** јазици на малцинствата (sq, tr, sr, ...)
** светски јазици (en, de, fr, ...)

* На кои други проекти на WMF?
** Commons
** Речник (wiktionary)
** Извори, цитати, книги (wikisoruce, wikquote, wikibooks)
** Викиуниверзитет (wikiversity)

# Проект „Македонија на Википедија“ 2/5

**ВОВЕД**

* Проект на **Владата на Република Македонија**

* Носител на проектот - **Министерството за образование и наука (МОН)**

* Подржан од:

** **Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА)**

** **Биро за развој на образованието (БРО)**

** **Викимедија Македонија (ВММК)**

** **Државните и приватните универзитети во РМ**

# Проект „Македонија на Википедија“ 3/5

**ЦЕЛИ**

* да идентификува содржини поврзани со Македонија во најширока смисла кои би биле дел од содржините во рамките на најразлични проекти на Фондацијата Викимедија, со нагласок на повеќејазичниот проект „Википедија“,

* да даде поттик и подршка во организирањето на заинтересирани групи и поединци кои до сега не биле дел од вики заедницата, со цел зголемување на бројот на активни членови придонесувачи во уредувањето на содржини на Википедија,

* да овозможи отворен пристап на вики заедницата до идентификуваните содржини (преку активна соработка на научните и образовните институции, музеите, архивите, државните органи и сл.)

# Проект „Македонија на Википедија“ 4/5

## ЦЕЛНИ ГРУПИ

* **Ученичка популација,** ќе се даде поттик на учениците за зголемена употреба на Википедија во наставата, преку објаснување на принципите на Википедија, начинот на уредување и придонесување на Википедија, подигнување на слики и други мултимедијални содржини, како и меѓусебна соработка на учениците на проекти за создавање на содржини на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија.

* **Студентска популација.** Ќе се даде поттик на студентите за зголемена употреба на Википедија како извор на информации, за создавање или преведување статии на теми кои бараат повисоко ниво на вештини и знаење во областа на нивното студирање или области од зголемен интерес. Придонеси на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија и светските јазици.

* **Наставен кадар.** Преку своите наставни активности би придонесувал за зголемување на содржини на мајчин јазик од наставните предмети кои би се искористиле како извор на е-содржини во наставата, со што ќе се обезбедат услови за непречено и континуирано користење на информатичката опрема, односно одржливоста на проектот „Компјутер за секое дете“.

* **Јавна администрација**. Државните органи, министерствата и други институции како и органите на локална самоуправа согласно принципите на Википедија постојано да ги ажурираат соодветните страници на Википедија  кои се однесуваат на нивните субјекти, односно доколку истите не се создадени да бидат создадени.

# Проект „Македонија на Википедија“ 5/5

**МЕРЛИВОСТ**

* Удвојување на годишната стапка на раст на бројот на статии на Википедија на јазиците кои се зборуваат во Македонија.

** Пример: Википедија на македонски јазик, 7-8.000 статии годишно.

* Зголемување на бројот на регистрирани корисници. Пример на Википедија на македонски јазик, сегаша има околу 30.000 регистрирани.

* Зголемување на бројот на активни корисници. Пример на Википедија на македонски јазик од сегашните 8-10 многу активни (кои прават 80% од уредувањата на Википедија во текот на месецот) и околу 300 активни корисници (кои направиле барем 1 уредување во текот на месецот).

* Појава на ученици кои добиле стипендија од министерството за образование и наука а биле наградувани како учесници во проектот „Македонија на Википедија“ односно уредувале на Википедија.

* Надминување на соседските википедии по број на статии и лидерство во регионот. (колаборативен натпревар)